Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

# ЗА 2023-2025 ГОДИНА

# 1.1 Вовед

Стратешкиот план на Министерството за здравство, претставува **основен среднорочен план за развој** и истиот ги содржи сите аспекти на организацијата на работа.

Целокупниот процес на подготовка на документот, започнувајќи од координирањето, па се до спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа, следењето, оценувањето и известувањето, се во согласност со методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен Весник на Република Македонија“ бр.124/08 и 58/18); Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија“бр.131/18); Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на стратешкиот план и Годишниот план за работа (Службен весник на Република Македонија бр.131/18).

Унифицираноста на процесот на подготовка на плановите, како и воспоставените начела за спроведување на целокупниот процес, обезбедува **поголема ефикасност и ефективност** во спроведувањето на планот, но и во **оценувањето на постигнатите резулатати и известувањето за постигнатите цели**.

Стратешките приоритети и цели на Министерството за здравство се во функција на остварување на: приоритетите и целите во здравствениот сектор, долгорочните здравствени стратегии, но истовремено и во функција на остварување на приоритетите и целите на Владата на Република Северна Македонија утврдени со

Стратешкиот план на Министерството за здравство за период 2023-2025 година е во согласност и со фискалната стратегија на Владата на Република Северна Македонија за горенаведениот период.

Реално подготвениот план и неговото спроведување, создава одлични можности за унапредување на квалитетот на целокупниот процес, тргнувајќи од креирањето на политиките, па сè до следење на дефинираните програми и постигнувања на ниво на приоритети и цели.
Годишниот план за работа е оперативен документ кој произлегува од среднорочниот стратешки план, и истиот обезбедува запазување на динамиката на спроведувањето на активностите, нивно следење и реално оценување .
Добро дефинираните индикатори овозможуваат следење на постигнатиот резултат во одреден временски период и негово изразување (квантитативно/квалитативно) компарирајќи ја појдовната основа и постигнатиот резултат од една страна, и спроведените активности во одреден временски период и финансиските средства од друга страна. Можноста да се спроведуваат мерења, анализи и компарации на резултати, ни дава јасен приказ “каде сме” од аспект на посакуваната и постигнатата цел. Исто така, јасниот увид во текот на спроведувањето на активностите и мерките,

обезбедува и рано препознавање на можен ризик, предупредување во случаи кога индикаторите не го даваат потребниот параметар. Со тоа се обезбедува навремено редефинирање и на мерливите индикатори и на програмските активности, навремена реалокација на финансиските средства и приказ на работењето кој е економичен, ефикасен, отчетен и транспарентен, а сè со цел остварување на поставените цели и приоритети.

# 1.2. Анализа на состојбата

Во процесот на стратешко планирање, на самиот почеток од започнувањето на планирањето во моментот кога се пристапува кон ревидирањето и/или редефинирањето на стратешките програми, а посебно при дефинирањето на потпрограмите и мерките, се прави анализа на состојбата односно анализа на целните групи и нејзините потенцијали изразени преку политички, економски, социокултурни и технолошки фактори. Кога ќе се идентификуваат факторите тие се оценуваат по степенот на веројатност да се случат, но и по тоа колкава е можноста истите да се случат. Оваа анализа, позната како PEST анализа, е всушност основа за спроведување на SWOT анализата понатака, бидејќи веќе сме ги добиле идентификуваните фактори и полесно се одредуваат силните страни, слабостите, можностите и заканите. Сознанието за тоа какви се влијанијата од опкружувањето и какви закани се можни, помага да се изнајдат начини за да се намали нивното негативно влијание или да се направи план кој ќе спречи да се случат потенцијалните опасности. Исто така, утврдувањето на јаките страни ни овозможува искористување на можностите кои ќе придонесат кон остварување на стратегиите.

При дефинирањето на мерките (посебно во првата стратешка програма од планот), се прави анализа и на засегнатите страни (здруженија, НВО, ризик групи и слично) кои се директно засегнати од спроведувањето на мерките и активностите. Анализата во овој дел се прави преку нивно вклучување и давање на можност да дадат свои сугестии и предлози за надминување на потенцијалните слабости или негативни страни (состаноци, средби, редовни комуникации и сл).

Анализите потпомагаат во проекција и сознанија за можни потенцијални ризици што секако се зема во обзир при подготовката на плановите (посебно во дефинирањето на мерките и активностите). Справувањето со ризиците е процес во кој се идентификуваат истите, се оценуваат, се утврдува одговорноста, се утврдуваат активностите и мерките за да се намалат истите и на крај следува следењето и анализата за напредокот на реализацијата.

Детектирањето на потенцијалниот ризик обезбедува поголема контрола, но исто така не значи дека комплетно ќе го исклучи настанувањето на ризикот – праксата покажала дека не излегуваат работите секогаш како што посакуваме, некогаш се појавуваат ризици (можна состојба или пречка која ги намалува шансите за постигнување на одреден резултат) кои не сме можеле да ги предвидиме (на пр. состојбата со Covid 19). Во проценувањето на ризиците се оценуваат само оние со

“голема” веројатност на остварување и ако истите се оценети со негативно влијание или “висок ризик” тогаш и истите се превенираат.

Со оглед на специфичноста на областа која ја покрива здравствениот сектор, ризиците во стратешкиот план на Министерството за здравство се утврдуваат до ниво на мерки. Во “табелата на ризици” во прилог на планот, се наведени потенцијалните ризици по стратешки мерки, кои директно потенцијално може да ја загрозат реализацијата на потпрограмата односно стратешката програма. За поголемиот број на стратешки мерки од среднорочниот план (посебно за превентивните и куративните здравствени програми) се номинираат одговорни лица од страна на министерот (за секоја мерка одделно), со задолжение да ја следат реализацијата на мерката преку цела година во соработка со останатите засегнати институци, пратејќи ја состојбата на терен и правејќи квартален пресек во текот на годината. За секоја мерка поединечно на годишно ниво се подготвува сеопфатна компаративна анализа/студии во која се содржани бројни информации и истите се достапни и поставени на web страницата на министерството.

**Анализа на програмите, потпрограмите и мерките опфатени во планот на Министерството за здравство:**

Нацрт-стратешкиот план на Министерството за здравство **е компактен среднорочен**, развоен и интегрален стратешки документ - акт, разбирлив и лесен за следење. **Програмите и активностите содржани во планот овозможуваат транспарентност** во работењето и меѓуресорско координирано планирање, олеснето следење на усогласеноста и нивната компатибилност со стратешките цели утврдени од страна на Владата. Исто така, планот обезбедува јасна слика и за тоа во колкава мера плановите се во согласност со Фискалната стратегија на Владата и до кој степен финансиските средства се насочуваат кон приоритетните програми.

Поради својата комплексна и сложена природа, **програмите** дефинирани во стратешкиот план на министерството имаат поширока временска рамка за следење односно **специфика на континуитет** и како такви претставуваат начин на реализација на конкретен стратешки приоритет и цел.

Од програмите произлегува богат развоен дел: нѝз од подпрограми, мерки и активности кои покриваат одредени специфични области, **но сепак истовремено означуваат една компактна целина.**

**Потпрограмите во програмите** се меѓусебно поврзани и нивното следење исто така е поставено на подолг временски период, а резултатите од нивната успешна имплементација се изразуваат квантитативно или квалитативно преку утврдените показатели на успешност кои го мерат прогресот односно динамиката кон остварувањето на целта на програмата.

За разлика од потпрограмите, **мерките и активностите содржани во потпрограмите**, се многу поспецифично поставени и имаат за цел во одреден временски период (на годишно ниво) да придонесат кон решавањето на определен проблем или да ја остварат посакуваната промена/состојба. Тие имаат јасно дефинирани цели и поединечни мерливи индикатори, кои се специфични за областа која ја покриваат, а остварените резултати најчесто се изразуваат квантитативно.

**Следењето, оценувањето и известувањето**, се врши врз основа на Годишниот план за работа на министерството или планот за операционализација, кој е основен документ според кој се спроведува процесот на следење, оценување и известување.

**Следењето** се однесува на навремено спроведување на мерките и активностите, согласно планот за спроведување, а **оценувањето** покажува во колкав степен е остварена целта на програмата/потпрограмата и ефективноста на политиките кои се спроведуваат. Утврдувањето на интервалите за оценување на програмата се врши во зависност од поставените цели и очекуваните резултати на програмата, односно потпрограмите, но како што е спомнато погоре во текстот, програмите во стратешкиот план на министерството се од сложен карактер и временскиот интервал на нивното спроведување е подолг. Затоа и оценувањето на стратешките програми би следело по завршување на програмата или по одреден период од завршувањето на програмата. Но, затоа потпрограмите и мерките (активностите) во среднорочниот план, се мониторираат и оценуваат на пократок временски рок. Одговорните, номинирани лица во министерството, за одредени програмски активности, имаат задолжение да водат база на податоци, и електронска архива, како и да подготвуваат редовни извештаи за спроведувањето и следењето преку обработка на резултатите и нивна анализа. Согласно новите насоки, во податоците за следење се содржани и родово разделени податоци (податоци во однос на статусот и положбата на жените и мажите по различни основи), припадност на заедница, возраст, место на живеење, степен на образование и слично.

**Поединечните анализи во специфичните области од здравството, даваат подетална слика на состојбата во потпрограмата и овозможуваат пореален актуелен статус.** Можноста за ревидирање и преиспитување на нивната усогласеност со целите и приоритетите поставени на поширока основа, како и споредувањето на претходно планираниот/очекуваниот и реално остварениот резулатат на крајот од годината, дава мерлива слика за постигнатите резултати и успешноста на програмата. **Ваквиот посензибилен статус на поставеноста на мерките во потпрограмите, во многу помага за рано препознавање на ризик факторите и брзо делување на ниво на активност, без да направи поголема промена во реализацијата на програмата.**

Стратешкиот план се ажурира на годишно ниво, но и во случај на настанување на значителни промени кои имаат влијание врз утврдените приоритети и цели, политиките кои се во функција на нивното остварување и постигнувањата на очекуваните цели.

Во среднорочниот стратешки план на Министерството за здравство, **дефинирани се три (3) комплексни програми**, кои имаат специфика на континуитет, а нивното следење е поставено на поширока временска рамка. Стратешките програми содржат осум (8) потпрограми кои понатака се разгрануваат во еден нѝз од многубројни мерки (подетална анализа во текстот кој следува)

**Програми на Министерството за здравство дефинирани во среднорочниот план:**

- **Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа;**

- превентивна здравствена заштита
- примарна здравствена заштита
- куративна здравствена заштита

**Здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа** – една од најкомплексните програми во планот која е претставена преку три подпрограми. Истата, обезбедува и ја следи здравствената заштита на населението на сите три нивоа: превентивно, примарно и секундарно ниво

- **Модернизација и унапредување на здравствениот систем согласно стандардите на ЕУ;**

- модернизација на објектите на јавните здравствени установи

- интегриран здравствен информатички систем

**Модернизација и унапредување на здравствениот систем согласно стандардите на ЕУ** – оваа програма има за цел да воспостави здравствен систем со дефинирани стандарди, кои ќе се мерат преку двете потпрограми: модернизација на здравствениот систем и негова информатичка интеграција

- **Оддржлив систем на здравствена заштита, подобрен квалитет и ефикасност** или третата програма на планот на Министерството за здравство, која во себе опфаќа три потпрограми кои се однесуваат на следните три аспекти:

**-**квалитетен, ефикасен и оддржлив здравствен систем
-здравствено осигурување по начелото за заемност, солидарност и правичност
-професионален развој, достапност и подобра соработка

Наведените програми, се разработени во матрица - план за спроведување, во која јасно е утврден носителот на спроведувањето на конкретните мерки/активности, идентификувани се консултираните односно засегнатите страни, временската динамика за споведување на активностите и фискалната импликација за период од три години како и очекуваниот резултат на две нивоа: поединечно по потпрограми и збирно на ниво на стратешка програма.
Повеќето од дефинираните програми/потпрограми во планот се (вертикални) институционални, каде Министерството за здравство е носител на активностите, но има и мерки во состав на програма која имаат карактер на хоризонтални (меѓуинституционални), со координирани активности на повеќе органи на државната управа со цел нејзино остварување.

**1.2.1.Анализа на поврзаноста на програмите/потпрограмите и мерките и поврзаноста со приоритетите и целите на Министерството за здравство**

**Програмата "здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа"** е една од најкомплексните програми во планот и истата **содржи три обемни подпрограми** преку кои се обезбедува и следи здравствената заштита на населението на сите три нивоа**: превентивно, примарно и секундарно ниво.**
Превентивната/примарната здравствена заштита има за цел унапредување на здравјето и превенција на болести. Подпрограмата се спроведува и следи преку четиринаесет (14) превентивни мерки ориентирани кон поединецот граѓанин/пациент, заедницата и населението во целост и комплекс на специфични активности за превенција, рана детекција, спречување и сузбивање на одредени појави/состојби во здравството. Мерките односно активностите во оваа потпрограма,

се поставени многу поспецифично и истите се следат на годишно ниво, а спроведувањето на активностите е строго контролирано и следено на повеќе нивоа. Нивната цел е да придонесат за решавање на определен здравствен проблем или да донесат посакувана промена/состојба во временски детерминиран период од една година. За спроведувањето на секоја мерка поединечно, се подготвува годишен детален извештај, во кој се прикажува реализацијата/успешноста на спроведените активности (преку анализа на резултатите најчесто квантитативно изразени), анализа на актуелната состојба во областа која ја обработува мерката, како и проекција за потреба од воведување на нови активности, со цел да се надмине потенцијалниот ризик. Во подготовката на извештаите се вклучени релевантни здравствени и други надлежни институции и професионални лица од областа која се анализира. Резулататите од спроведувањето на мерките, согласно утврдените индикатори, во најголем број се прикажуваат квантитативно, но има и квалитативно изразени показатели на успешност кои го мерат прогресот односно динамиката на остварувањето на целта на програмата. Истите, претставуваат појдовна основа за нов циклус на планирање на активности во специфичната област, но и можност за ревидирање на активностите и преиспитување на усогласеноста со целите и приоритетите поставени на поширока основа.

На тој начин, се постигнуваат резултати на успешност на програмата, која пак од своја страна е поставена во рамките на стратешките документи од областа. Во оваа потпрограма, се содржани мерките за организирање и унапредување на крводарителство, испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај населението, туберкулозата и ХИВ/Сида; рана детекција на малигни заболувања преку спроведување на скрининг на: грло на матка, рак на дојка, колоректален карцином;карцином на простата; превенција на кардиоваскуларните болести; активна здравствена заштита на мајки и деца; задолжителна имунизација; систематски прегледи на ученици и студенти и стоматолошка здравствена заштита; имплементација на Декада и стратегија за инклузија на Роми; имплементација на меѓународен здравствен правилник и мерки за унапредување на здравјето...

**Во подпрограмата "примарна здравствена заштита" од програмата "здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа",** се спроведуваат мерки кои ги опфаќаат специјализациите по семејна медицина и доедукацијата на лекарите кои работаат во примарната здравствена заштита, а кои не се специјалисти, унапредување на итната медицинска помош, организирање на едукации за лекарите од ИМП кои се спроведуваат преку медицинскиот симулациски центар, организирањето на домашни посети во домовите на пензионерите и на лицата на кои достапноста до примарните амбуланти им е отежната поради далечината на првата амбуланта или поради природата на самата болест која ја имаат и зајакнување на патронажните тимови.

Согласно усвоената здравствената стратегија на РСМ 2020, воведена е категорија специјализирани семејни лекари како водечки членови на тимовите (тим лидери) во примарната здравствена заштита. Во процесот на хармонизација со директивите на ЕУ сите лекари кои работаат самостојно со пациенти треба да бидат специјалисти (ЕУ директива 2005/36/ЕЦ). Воведувањето на специјализацијата по семејна медицина придонесува усогласување со ЕУ директивите и стандардите за самостојно работење на ниво на примарната здравствена заштита. Следни неопходни чекори се: подобрување на соработката и подршка од страна на сите клучни институции, пред се: Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Медицински

Факултет, Лекарска Комора на Македонија и здруженијата на приватните лекари во примарната здравствена заштита.

Вработувањето и натака ќе биде приоритет во примарната здравствена заштита (ПЗЗ) и здравствените домови (ЗД) во следниот период. Воведување на мерки за унапредување на итната медицинска помош и организирање на едукации за лекарите од Итната медицинска помош (ИМП), кои се спроведуваат преку медицинскиот симулациски центар, се мерки кои и понатака ќе се спроведуваат. Најголем број на возилата за ИМП се стари и со многу поминати километри и обновувањето на возниот парк во службите на ИМП е цел која треба да се реализира за период 2019-2023 година.

Што се однесува до реформите во примарната здравствена заштита**,** согласно препораките на СЗО, главната реформа во здравствениот систем треба да биде во ПЗЗ како носител на здравствениот систем. Треба да се воведе унифицирање на компетенциите за секој лекар кој работи на примарно ниво, а тоа би се реализирало преку доедукација во траење зависно од стажот кој го имаат. Анализата на постигнатите резултати покажува дека не се оди согласно предвидената динамика. Како мерка која би делувало стимулативно на општите лекари за да се заврши специјализацијата по семејна медицина односно доедукацијата, се предлага трошоците за доедукација да бидат на товар на државата.

Анализата на профилите на лекари вработени во ПЗЗ покажува дека работаат различни профили на лекари (општи лекари, специјалисти по општа медицина, педијатри, специјалисти по школска медицина, специјалисти по медицина на трудот и гинеколози). Различните квалификации претставуваат пречка на две нивоа: првото во делот на пружањето на сепфатна и холистичка здравствена заштита на населението и вториот во процесот на хармонизацијата со директивите на ЕУ (сите лекари кои работаат самостојно со пациенти треба да бидат специјалисти 2005/36/ЕЦ). Воедно и со директивата 16/93/ЕЕЦ сите земји членки на ЕУ до 1995 година имаа обврска да воведат задолжителна специјализација по семејна медицина во времетраење минимум од 3 години. Со завршувањето на доедукацијата на сите вработени на примарно ниво, практично ќе значи усогласување со ЕУ на планот на работење во примарната здравствена заштита.

**Здравствената заштита на терциерно (куративно) ниво** опфаќа дефинирани мерки и активности за здравствена заштита во секундарното здравство односно во мрежата на здравствените установи во јавниот сектор, преку кои се обезбедува секундарната (специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита) како и терциерна здравствена заштита на населението: Универзитетски Клиники, Клинички Болници, Општи болници, Специјални болници, Заводи и Институти. Опфаќа дефинирани мерки и активности за здравствена заштита на лица со душевни растројства, обезбедување на потребни средства за покривање на трошоците за болни лица кои се третираат со дијализа, обезбедување на лекови за трансплантирани болни, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија, обезбедување на инсулин за инсулино-зависните пациенти (инсулински игли, глукагон, ленти за мерење на шеќер и едукација на пациентите со тип 1 дијабетес), обезбедување на потребната терапија за здравствена заштита на лица со болести на зависности и зајакнување на мрежата на постоечките Центри за превенција и третман од злоупотреба на дроги, набавка на терапија за лицата кои се евидентирани како пациенти со ретки болести, обезбедување на средства за стимулирање на трансплантацијата и ослободување од партиципација за здравствени услуги на

органо и ткиво дарителите, како и зајакнување на кардиолошката мрежа и центри во здравството.

Програмата (2) **модернизација и унапредување на здравствениот систем** согласно стандардите на ЕУ, има за цел воспоставување на здравствен систем со дефинирани стандарди кои ќе се мерат преку двете потпрограми: **модернизација на објектите на јавните здравствени установи** (изградба на нови здравствени објекти - Клинички Центри, реконструкција, надградба и доградба на објектите на јавните здравствени установи, реконструкција и опремување на здравствените домови, поликлиники и амбуланти, како и набавка на медицинска опрема за потребите во јавното здравство) и потпрограмата **интегриран здравствен информатички систем** - кој постојано се надградува и осовременува согласно потребите пратејќи ги стандардите со цел воспоставување на Национален систем на електронски евиденции во здравството.

Потпрограмата за модернизација на јавно здравствените објекти опфаќа повеќе проекти кои имаат за цел изградба на нови здравствени објекти - Клинички Центри, реконструкција, надградба и доградба на објектите на јавните здравствени установи, реконструкција и опремување на здравствените домови, поликлиники и амбуланти, со цел подобрување на инфраструктурата на здравствените објекти и условите кои ќе овозможат подобрена здравствена услуга, подобрување на енергетската ефикасност на јавните здравствени установи, како и набавка на медицинска опрема за потребите во јавното здравство во зависност од потребите и приоритетите (замена на старата со нова и модерна медицинска опрема, апарати и инвентар), со што се овозможува подигање на нивото на здравствена заштита на граѓаните во државата, се намалува времето на чекање, се обезбедува пружање на здравствени услуги најблиску до местото на живеење, примена на најсовремени медицински методи и нови дијагностички процедури во лекувањето на заболувањата, се подобруваат условите за работа на вработениот кадар, но и скратување на престојот на пациентите во здравствените установи. За реализација и остварување на реконструктивните и градежни проекти во јавното здравство, задолжена е посебна проектна единица при министерството со времено ангажирани стручни лица од областа.

Воспоставувањето на интегриран здравствен информатички систем е процес кој постојано се надградува и осовременува, пратејќи ги потребите и стандардите, со цел да се воспостави единствен Национален систем на електронски евиденции во здравството да се намалат административните процедури и да се зголеми дигитализација на здравствени евиденции - целосно електронско здравство без користење на хартиени форми на документи. Целта е помалку бирократија побрза здравствена услуга. Со целосно здравствено-информатичко поврзување комплетно ќе се избегне “шетањето” на пациентот заради административни причини на релација матичен лекар-специјалист-матичен доктор-аптека.

**Програмата “одржлив систем на здравствена заштита, подобрен квалитет и ефикасност”, се следи преку три воспоставени потпрограми:**
**1)квалитетен, ефикасен и одржлив здравствен систем,**
**2)здравствено осигурување по начелото за заемност, солидарност и правичност и**
**3)професионален развој, достапност и подобра соработка**

**Потпрограмата ”квалитетен, ефикасен и оддржлив здравствен систем”,** опфаќа седум (7) мерки класифицирани по области кои меѓусебно го даваат резултатот на степенот на остварливост на потпрограмата. Мерките и активностите кои допринесуваат за остварување на оваа потпрограма ги опфаќаат следните подрачја:

- здравствен систем подготвен за членство во ЕУ и НАТО (активности и обврски поврзани со процесот на евроинтеграции);
- финансиски одржлив систем на здравствена заштита (активности за оддржливо финансирање на здравството, воспоставување на систем за Национални здравствени сметки за утврдување на вкупните трошоци за здравствениот сектор, финансиска консолидација на јавните здравствени установи, медицинска мапа и мрежа на здравствени установи),
- медицина заснована на докази (подигнување на нивото на хоспитална култура, упатства за практикување на медицина базирана на докази, клинички патеки, стручен надзор и контрола над клиничките и општите болници,
-акредитација на здравствени установи, акредитација на биохемиски лаборатории согласно стандардот – ISO 15189),
- подобрени фармацевтски услуги (хармонизација на фармацевтската регулатива со законодавството на ЕУ),
- хемикалии и контролирани супстанции

**Здравствено осигурување по начелото за заемност, солидарност и правичност** е втората потпрограма во програмата “одржлив систем на здравствена заштита, подобрен квалитет и ефикасност” и има за цел искористување на здравствените средства согласно потребите на населението и остварувањето на правото на здравствено осигурување на сите граѓани на РСМ, преку спроведувањето на мерките за задолжително здравствено осигурување на државјаните кои не се задолжително здравствено осигурани; обезбедување на средства за болничко лекување без наплата за учество (партиципација) за пензионери со пензија пониска од просечната; партиципација за осигурени лица и приматели на социјална парична помош до 18 години.

**Професионален развој, достапност и подобра соработка** е третата потпрограма која ги опфаќа мерките кои треба да дадат резултати во однос на **а)**подобрени услови за практицирање на медицината (подобрени услови и повисоки плати во здравствениот сектор, **б)**проекции од потребите во здравствениот кадар и професионален развој (уписна политика, зголемување на квоти за државни специјализации, плата и придонеси за општите лекари за време на специјализацијата и воведување на бројни олеснителни мерки за специјализантите, но сепак кои обезбедуваат квалитет во здравствената заштита); **в)**модернизација на едукативниот процес за здравствените работници; **г)**симулациски центар – со улога за спроведување на обуки; **д)**транспарентно здравство (воспоставување на ефикасен систем на информации и комуникации во рамките на министерството и опкружувањето, активно учество на Владата, здравствените установи, невладини организации и здруженија на граѓани, подобрување на условите за учество на граѓанските организации во креирање политики, донесување одлуки и давање услуги за потребите на заедницата, **ѓ)** јакнење на административните капацитети преку создавање на компетентна администрација (СРЈА) – сервисно и услужно ориентирана.

# 1.2.2 Анализа на правната рамка

**Во рамките на стратешката анализа, анализирана е и законска регулатива:**

1. **Закон за здравствената заштита**

Со овој закон се уредуваат прашањата кои се однесуваат на системот и организацијата на здравствената заштита и вршењето на здравствената дејност, загарантираните права и утврдените потреби и интереси на државата во обезбедувањето на здравствената заштита, здравствените установи, вработувањето, правата и должностите, одговорноста, евалуацијата, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на здравствените работници и здравствените соработници, квалитетот и сигурноста во здравствената дејност, коморите и стручните здруженија, рекламирањето и огласувањето на здравствената дејност, вршењето на здравствена дејност во вонредни услови и надзорот над вршењето на здравствената дејност.

ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА, редакциски пречистен текст објавен од „Службен весник на Република Македонија", кој ги опфаќа сите изменувања и дополнувања заклучно со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во "Службен весник на РМ" бр.37/16

ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 43 од 2012 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 145 од 2012 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 87 од 2013 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 164 од 2013 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 39 од 2014 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 43 од 2014 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 132 од 2014 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ БР. 188 ОД 2014 ГОДИНА)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 10 од 2015 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 61 од 2015 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 154 од 2015 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 192 од 2015 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 17 од 2016 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РМ бр. 37 од 2016 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РСМ бр. 20 од 2019 година)

ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (Службен весник на РСМ бр. 101 од 2019 година)

2. **Закон за безбедност на козметичките производи**

Со овој закон се уредуваат условите што во поглед на здравствената безбедност треба да ги исполнуваат козметичките производи што се произведуваат или се ставаат во промет, испитувањето на безбедноста, како и надзорот. Одредбите од овој закон се однесуваат и на супстанциите што се користат за производство на козметичките производи, како и на супстанциите што им се додаваат заради одржување или подобрување на нивните органолептички и други својства.

ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КОЗМЕТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ, редакциски пречистен текст објавен од „Службен весник на Република Македонија”, кој ги опфаќа сите изменувања и дополнувања заклучно со Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на козметичките производи, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.47/11

ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КОЗМЕТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ (Службен весник бр. 55 од 2007 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КОЗМЕТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ (Службен весник на РМ бр. 47 од 2011 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КОЗМЕТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ (Службен весник на РМ бр. 150 од 2015 година)

3. **Закон за безбедност во снабдувањето со крв**

Со овој закон се уредуваат квалитетот и безбедноста на човековата крв и крвни компоненти, прибирањето и тестирањето на човековата крв и крвни компоненти без оглед на целта за која се наменети, како и преработката, чувањето и дистрибуцијата на човековата крв и крвни компоненти наменети за трансфузија.

ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО КРВ, редакциски пречистен текст објавен од „Службен весник на Република Македонија”, кој ги опфаќа сите изменувања и дополнувања заклучно со Законот за изменување на Законот за безбедност во снабдувањето со крв, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.164/13

ЗАКОН ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО КРВ (Службен весник на РМ бр.110 од 2007 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО КРВ (Службен весник на РМ бр.164 од 2013 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО КРВ (Службен весник на РМ бр.144 од 2014 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО КРВ (Службен весник на РМ бр.150 од 2015 година)

4. **Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување**

ЗАКОН ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ, редакциски пречистениот текст на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.37/08 и Законот за изменување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.164/13

ЗАКОН ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ (Службен весник на РМ бр.37 од 2008 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ (Службен весник на РМ бр.164 од 2013 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ (Службен весник на РМ бр.149 од 2014 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ (Службен весник на РМ бр.192 од 2015 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ (Службен весник на РМ бр.37 од 2016 година)

Со овој закон се уредуваат правото на биомедицинско потпомогнато оплодување, условите за остварување на правото за биомедицинско потпомогнато оплодување, безбедноста на донирањето, обезбедувањето, тестирањето, обработката, чувањето, дистрибуцијата и примената на клетките при вршењето на биомедицинско потпомогнато оплодување, правата и обврските на пациентот, здравствените работници и здравствените установи, условите за спроведување на биомедицинско потпомогнато оплодување, како и надзорот.

5. **Закон за доброволно здравствено осигурување**

Со овој закон се уредуваат видот и условите на организирање и спроведување на доброволното здравствено осигурување.

ЗАКОН ЗА ДОБРОВОЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ, редакциски пречистен текст објавен од „Службен весник на Република Македонија”, кој ги опфаќа сите изменувања и дополнувања заклучно со Законот за изменување и дополнување на Законот за доброволно здравствено осигурување, објавена во „Службен весник на РМ“ бр.192/15

ЗАКОН ЗА ДОБРОВОЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ (Службен весник на РМ бр. 145 од 2012 година)

ИСПРАВКА НА ЗАКОНОТ ЗА ДОБРОВОЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ (Службен весник на РМ бр. 7 од 2013 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОБРОВОЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ (Службен весник на РМ бр.192 од 2015 година)

6. **Закон за евиденции во областа на здравството**

Со овој закон се уредуваат евиденциите, збирките на податоци и регистрите од областа на здравството, начинот на прибирање, обработка, архивирање и чување на податоците, објавувањето на податоците, обезбедување на квалитетот на податоците и заштита на податоците, како и остварувањето на правата и обврските поврзани со евиденциите во областа на здравството.

ЗАКОН ЗА ЕВИДЕНЦИИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО, редакциски пречистен текст објавен од „Службен весник на Република Македонија", кој ги опфаќа сите изменувања и дополнувања заклучно со Законот за изменување и дополнување на Законот за евиденциите во областа на здравството, објавен во "Службен весник на РМ" бр.150/15

ЗАКОН ЗА ЕВИДЕНЦИИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО (Службен весник на РМ бр. 20 од 2009 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО (Службен весник на РМ бр. 53 од 2011 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО (Службен весник на РМ бр.164 од 2013 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО (Службен весник на РМ бр. 150 од 2015 година)

7. **Закон за хемикалии**

Со овој закон се уредуваат класификацијата, пакувањето и означувањето на хемикалиите, условите за производство на хемикалиите, правата и обврските на правните лица кои произведуваат, ги ставаат во промет хемикалиите или ги употребуваат хемикалиите, водењето на регистар на хемикалии, ограничувањето и забраната на производството, ставањето во промет и употребата на хемикалиите, увозот и извозот на одредени опасни хемикалии, ставањето во промет на биоцидните производи и детергентите, надзорот, како и други прашања кои се однесуваат на хемикалиите. Со овој закон се уредуваат и постапките за пријавување на нови супстанции и оценување на нови и постојни супстанции, постапките за нотификација, рекламирање, постапките за меѓусебно признавање на сертификатите и обврските за известување.

ЗАКОН ЗА ХЕМИКАЛИИ, редакциски пречистен текст објавен од „Службен весник на Република Македонија", кој ги опфаќа сите изменувања и дополнувања заклучно со Законот за изменување и дополнување на Законот за хемикалии објавен во „Службен весник на РМ" бр.53/11

ЗАКОН ЗА ХЕМИКАЛИИ (Службен весник на РМ бр. 145 од 2010 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХЕМИКАЛИИ (Службен весник на РМ бр. 53 од 2011 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХЕМИКАЛИИ (Службен весник на РМ бр. 164 од 2013 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХЕМИКАЛИИ (Службен весник на РМ бр. 116 од 2015 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХЕМИКАЛИИ (Службен весник на РМ бр. 149 од 2015 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХЕМИКАЛИИ (Службен весник на РМ бр. 37 од 2016 година)

8. **Закон за јавно здравје**

Со овој закон се уредуваат спроведувањето на основните функции и задачи на јавното здравје, системот на јавното здравје, јавно-здравствените вонредни околности и финансирањето на јавното здравје.

ЗАКОН ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ, редакциски пречистен текст објавен од „Службен весник на Република Македонија", кој ги опфаќа сите изменувања и дополнувања заклучно со Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје, објавен во "Службен весник на РМ" бр.37/16

ЗАКОН ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ (Службен весник на РМ бр. 22 од 2010 година)

ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ (Службен весник на РМ бр. 136 од 2011 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ (Службен весник на РМ бр. 144 од 2014 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ (Службен весник на РМ бр. 149 од 2015 година)

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ (Службен весник на РМ бр. 37 од 2016 година)

9. **Закон за комплементарна и алтернативна медицина**

Со овој закон се уредуваат прашањата кои се однесуваат на системот, организацијата и примената на методите и постапките на комплементарната и алтернативната медицина, лицата кои применуваат методи и постапки на комплементарна и алтернативна медицина, установи за комплементарна и алтернативна медицина, Центарот за традиционална кинеска медицина, квалитетот на методите и постапките на комплементарната и алтернативната медицина, Комората за комплементарна и алтернативна медицина, лиценцата за работа, стручниот надзор над работата на практичарите на комплементарна и алтернативна медицина и други работи кои се однесуваат на комплементарна и алтернативна медицина.

Овој закон ја воспоставува рамката за професионално применување на комплементарната и алтернативната медицина и се однесува на сите кои применуваат методи и постапки на комплементарната и алтернативната медицина опфатени со овој закон.

ЗАКОН ЗА КОМПЛЕМЕНТАРНА И АЛТЕРНАТИВНА МЕДИЦИНА, редакциски пречистен текст објавен од „Службен весник на Република Македонија", кој ги опфаќа сите изменувања и дополнувања заклучно со Законот за дополнување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина, објавен во "Службен весник на РМ" бр.39/16

ЗАКОН ЗА КОМПЛЕМЕНТАРНА И АЛТЕРНАТИВНА МЕДИЦИНА (Службен весник на РМ бр. 25 од 2015 година)

ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМПЛЕМЕНТАРНА И АЛТЕРНАТИВНА МЕДИЦИНА (Службен весник на РМ бр. 39 од 2016 година)

